# БРОШУРА ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИ И РОДИТЕЛИ

ООУ "Страшо Пинџур"
с.Мало Коњари
Прилеп

## *ООУ„СТРАШО ПИНЏУР“ СЕЛО МАЛО КОЊАРИ*
## *2025/2026*
### *Општи податоци за училиштето*

Нашето општинско основно училиште ***„Страшо Пинџур“*** од село Мало Коњари започнало со работа во учебната **1954/1955** година и припаѓа на прилепска општина.

Името го добило по македонскиот револуционер Страшо Пинџур па Денот на училиштето ни е **5 Март**, кога му го славиме роденденот на патронот.

Наставата се изведува во три згради, во селата: Мало Коњари (каде е централното училиште) и во подрачните педгодишни училишта во селата Големо Коњари и Кадино Село. Во шесто одделение кај нас учат и децата од село Славеј (кое припаѓа на кривогаштанска општина). Централното и подрачните училишта ( и нивните дворови ) постојано се реновираат и опремуваат.

Оваа учебна година имаме **127** ученици, од кои **58** се во одделенска настава од кои 33 момчиња и 25 девојчиња, додека во предметна настава се 69 ученици од кои 36 момчиња и 33 девојчиња.

Во Централното училиште во одделенска настава има 22 ученик (10 машки и 12 девојчиња), а во предметна настава се 69 ученици(36момчиња и 33девојчиња). Во подрачното училиште во село Големо Коњари имаме 28ученици (18 момчиња и 10 девојчиња), додека во подрачното училиште во село Кадино Село вкупно се 8ученици (5 момчиња и 3 девојчиња).

Според националност сите вработени и ученици се православни христијани.

Вкупниот број на паралелки е 17, од кои комбинирани се 4 паралелки (во одделенска настава), а чисти (некомбинирани) се 5 во одделенска и 8 во предметна настава.

Оценувањето на учениците од прво, второ и трето одделение е описно. Додека учениците од четврто, петто и шесто одделение ќе се оценуваат бројчано прво полугодие, исто и на крајот од учебната година бројчано. Учениците од третиот класификационен период (од седмо до деветто одделение) се оценуваат само бројчано.

**Постигнати позначајни резултати од претходната учебна година**

Минатата учебна година(иако помалку од претходната) нашите ученици учествуваа на разни општински, локални, регионални и меѓународни натпревари, каде добија награди, благодарници и пофалници. Така, и момчињата и девојчињата учествуваа на разновидни спортски активности, посебно од нашиот спортски клуб „Dream teem schools“ (во: фудбал, футсал, одбојка, велосипедска трка...); потоа на натпревари по: математика, „Кенгур“, биологија, географија, англиски јазик, македонски јазик, како и на меѓународен натпревар во поезија „Под сенките на јаворите“ во Колешино. Учествувавме и на спортски активности и литературни читања по повод Денови на некои основни училишта. Исто така, нашите ученици учествуваа во изработка на прочкарски маски по повод меѓународниот карневал во Прилеп. Покрај прекрасното партерно уредување на училишниот двор, Централното училиште сега го красат прекрасни мурали-на ѕидот и дел од оградата...

Наставниците континуирано посетуваа разни обуки и вебинари - електронски семинари и обуки, следејќи и нова стручна литература доставена од Бирото за развој на образованието. Свечено, со културно уметничка програма го одбележавме „Денот на училиштето“, на кој присуствуваа разни гости. Го реализиравме и нашиот традиционален „Велигденски панаѓур“- сега наречен „Пролетен панаѓур“,Посетивме многу знаменитости и природни убавини низ нашата татковина, Саем на книгата,

фабриката „Витаминка“, зоолошка градина во Скопје и Битола, средните училишта од регионот, како и заедничко дружење на учениците и наставниците надвор од училиштето... Дочекавме разни гости. Одбележавме значајни дати со разни ликовни и поетски изработки, креативни работилници, еко акции...

Уписот на првачињата навремено и законски е извршен. Родителите доставија потврди од Медицински центар за сите примени обавезни вакцини на своите првачиња, како и потврда за извршен стоматолошки и офталмолошки (очен) преглед.

Што се однесува до постигнатите резултати оваа учебна година успехот е следен: учениците од прво до трето одделение се оценуваа описно. Од IV до V изнесува **4,41,** а од VI до IX – изнесува **4.03**. Средниот краен успех на учениците од прво до деветто одделение изнесува **4,22**.

***МИСИЈАТА*** *на нашето училиште(односно она што го работиме) Е:* ***ИНКЛУЗИВНО УЧИЛИШТЕ КОЕ ШТО ГИ ПОТТИКНУВА УЧЕНИЦИТЕ ДА ГИ ПРИМЕНУВААТ СТЕКНАТИТЕ ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ, ДА СЕ ПОТПИРААТ ВРЗ НИВНИТЕ ЛИЧНИ ОСОБИНИ И СПОСОБНОСТИ, ДА ВОДАТ ПРОДУКТИВЕН ЖИВОТ, ДА СТАНАТ ИНДИВИДУИ КОИ ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА СЕБЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА, ПРИ ТОА СОРАБОТУВАЈЌИ СО ПРИПАДНИЦИТЕ НА РАЗЛИЧНИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ.***

*Нашата* ***ВИЗИЈА*** *(односно кон што се стремиме) Е:* ***ДА БИДЕМЕ НАЦИОНАЛНО ПОЗНАТО РУРАЛНО УЧИЛИШТЕ КОЕ ШТО ОВОЗМОЖУВА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И КОМПЕТЕНТНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ПРЕКУ ТРАНСФЕР НА ПРАКТИЧНО ПРИМЕНЛИВИ В0СПИТНО - ОБРАЗОВНИ ВРЕДНОСТИ И ПРИТОА, ПОМАГА НА НАСЕЛБИТЕ ОД НЕГОВОТО ОПКРУЖУВАЊЕ ДА СТАНУВААТ ПОПРИЈАТНИ МЕСТА ЗА ЖИВЕЕЊЕ И РАБОТА ЗА СИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ.***

Според тоа**, ЦЕЛТА** (приоритети) за оваа учебна година, покрај реализација на сите наставни и вонннаставни планирања, предвидени со Годишната програма, ќе ни биде :

**1**.Унапредување и професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар;

**2**.Осовременување на наставата преку примена на интерактивни методи и современи техники на учење во наставата;

**3**.Подобрување на материјално техничките услови во училиштето;

**4**.Промовирање на училиштето на регионално, државно и светско ниво;

**5**.Континуирана соработка меѓу учениците, наставниците, родителите и локалната власт;

**6.**Унапредување на менталното здравје во целото училиште.

**Организација на воспитно – образовната дејност во училиштето оваа учебна година**

Организацијата на воспитно – образовната дејност во училиштето е во склад со Законот за основно образование, како и плановите и програмите од БРО за деветгодишно основно образование, Календарот за работа во основното образование, како и добиените протоколи и Уредби со законска сила. Исто така и според годинешните „Насоки за планирање, организација и реализација на наставата во основното образование“.

Оваа учебна година нема да имаме **пролетен распуст**, а учебната година ќе трае до 10 јуни 2026 година. Времетраењето на училишниот час е 40 минути.

Во склоп на Годишната програма на училиштето и нејзините прилози, следат и годишните програми од директорот и стручните соработници, програмите за одделенските часови и планирањата од наставниците, како и програмите за еко активностите, за меѓуетничка соработка на младите во образованието, план при елементарни непогоди, за одделенски и наставнички совет, Совет на родители, Училишен одбор, разни протоколи...

Наставниците си испланираа **критериуми** (според дадени стандарди) за оценување по својот предмет, прилагодени на условите од училиштето.

Во училиштето се реализира настава по задолжителни, изборни предмети (по кои учениците се оценуваат како и секогаш), но и слободни изборни предмети со оцени: 1, 3 и 5. Исто така, се реализира дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности. Дополнителната настава е задолжителна по сите предмети од второ до деветто одделение.

## ПРАВА НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ - 2025/2026

1. Учениците и родителите имаат право да бидат соодветно информирани за начинот на кој се бодираат нивните одговори при оценување на постигањата – односно со критериумите за оценување на секој наставник.
2. Учениците и родителите имаат право на образложение на оцената од страна на наставникот (усно или писмено) кое е засновано на аргументи.
3. Учениците имаат право да бидат вклучени во проверката на бодирањето (оценувањето).

4. На ученикот кој наполнил 16 години му престанува обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година (по исклучок може да продолжи образованието по навршување на 17 години).

5. Учениците имаат право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2 километри до најблиското училиште.

6. Ако ученикот или родителот не е задоволен од годишната оценка, родителот има право во рок од три дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен.

7. Ученикот кој заради оправдани причини не ја посетува наставата најмалку една третина од фондот на наставни предмети, полага одделенски испит.

.

8. Ученикот кој има одличен општ успех и посебно се истакнува со способност, знаење и работни навики може побрзо да напредува, најмногу два пати во текот на основното образование.

## ОДГОВОРНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ

**1**. Учениците имаат обврска редовно и навремено да присуствуваат на часовите (учениците кои треба да присуствуваат на дополнителна настава, задолжително треба да ги посетуваат овие часови, во спротивно добиваат неоправдан изостанок, а се известува и родителот).

**2.** Со наставникот и со другите вработени и ученици во училиштето, ученикот се поздравува без физички контакт.

**3**. Строго се забранети непристојни зборови, навреди, дискриминација, вербално или електронско насилство кон ученик или наставник.

**4.** Сите треба да ги почитуваат авторските права, односно туѓите изработки не смеат да ги прикажуваат како свои.

**5.** На учениците им се забранува било какво снимање на наставата, сликање, споделување на фотографии на facebook - со цел да се заштитат правата на останатите ученици и вработените.

**6**. Родителот на ученикот претходно го известува одделенскиот/раководител на паралелката за планирано отсуство на ученикот од наставата заради оправдани причини.

**7.** Родителот треба да му даде поддршка на ученикот онолку колку што самиот смета дека е

потребно, но не треба да ги изработува домашните работи од ученикот.

**8.** Учениците се должни како свое да чуваат и одржуваат се што се наоѓа во училиштето и училишните дворови, посебно компјутерите и нивната опрема, смарт таблите и смарт телевизорите, како и учебниците.

**9.** Учениците треба да го почитуваат редот и мирот во училиштето (посебно во училниците, ходниците и санитарните јазли), за време на одморите да не се задржуваат по ходниците на училиштето и не влегуваат во други училници.

**10.** Грижата за личната и општата хигиена во училиштето и училишниот двор да биде редовна навика на секој ученик.

**11.** Пристојно, не нападно и чисто облекување, соодветно на возраста од ученикот, изградувајќи си сопствен стил, кој одговара на личноста на ученикот не подлегнувајќи на невкусни моментални трендови.

**12.** Учениците да се заштитуваат себеси и другите:

- не внесувајќи опасни предмети во училиштето,
- не користејќи тутун, алкохол и други наркотички средства.

**13.** Да ги известат своите одделенски раководители, директорот и педагошко-психолошката служба во училиштето, доколку забележат некоја штета во училиштето или сомнително непознато лице, како и ако имаат некаков проблем.

**14.** Да не заборавaат на своите обврски: дежурните ученици, претставниците на ученичките заедници на паралелките и на ниво на училиште – Ученичкиот парламент(и ученичкиот правобранител).

**15.** Редовно да ги подмируваат своите парични обврски кон училиштето и намерната или ненамерна штета.

**16.** Родителот, односно старателот, има обврска на организирано групно советување кај психологот од училиштето, во таканареченото **„Групно советување на родители и ученици**, кога ученикот има три и повеќе слаби оцени, ако има 10 неоправдани изостаноци (или 100 оправдани), или ученикот има несоодветно однесување во училиштето.

За прекршување на правилата на училишниот живот кон учениците ќе се применуваат соодветни **педагошки мерки** од Законот за основно образование(**усна опомена, писмена опомена**, **укор**, **преместување на ученикот во друга паралелка**, **намалување на поведението**) кои исто така се пропишани и со „Статутот“ и „Интерниот правилник за педагошки мерки и награди од училиштето“.

ООУ "Страшо Пинџур"
с.Мало Коњари
Прилеп

За се што Ве интересира можете да дојдете во училиштето или да се обратите на телефон: **048/483-418** и на e-mail адресата **pindzurstraso@yahoo.com**

**Нашата веб страна е: ooustrashopindzur.edu.mk**